**РЕГИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛНА ДЕМОКРАТИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН2 (ReLOaD2)**

**Насоки за подносители на апликации – граѓански организации во рамки на повторениот Јавниот повик за поднесување предлог проекти за Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан2 (ReLOaD2)**

Целта на овие насоки е да се дадат јасни и концизни инструкции за сите потенцијални подносители на апликации и заинтересирани субјекти во процесот на поднесување предлог проекти во рамки на повторениот јавниот повик за граѓански организации.

1. **Опис на ReLOaD2 проектот**

Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан2 (ReLOaD2) е продолжение на првата фаза од проектот која се спроведе во периодот (2017-2020). Проектот е финансиран од  Европската унија (ЕУ) а се спроведува од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Како регионална иницијатива, проектот се спроведува на територијата на следните земји во Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[1], Северна Македонија, Црна Гора и Србија. Вкупната вредност на ReLOaD2 во Северна Македонија е 1,27 милиони евра.

Основна цела на ReLOaD2 е јакнење на партнерствата меѓу општинските власти и граѓанското општество преку транспарентно финансирање на проекти на граѓански организации од општинските буџети со цел поголемо граѓанско учество и учество на младите во носењето одлуки и подобрена испорака на услуги за граѓаните на општина Кочани.

ReLOaD2 започна во јануари 2021 и вклучува 50 општини од целиот регион на Западен Балкан. Во Северна Македонија во проектот ReLOaD2 се вклучени следните 8 општини: Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Крива Паланка, Кочани, Куманово и Охрид.

2. **Приоритетни области на јавниот повик**

Предлог проектите кои ќе бидат поднесени во рамките на повторениот јавниот повик треба да придонесат кон обезбедување подобри услуги за локалната заедница и да придонесат кон остварување на една или повеќе приоритетни цели на општина Кочани. За овој јавен повик, приоритетни области за општина Кочани се:

1. **Заштита на животна средина**

   1.1 Развој и поддршка на проекти со еколошки активизам за превенција од загадување на воздухот, дивите депонии, сливовите на речните корита и превенција и заштита од пожари;

   1.2. Промоција за зачувување на биодиверзитетот – природни реткости и богатства во заштитени подрачја;

   1.3 Поддршка на проекти и едукација од областа на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија и поддршка на иновативни проектни активности за заштита на загадување преку примена на еколошки мерки.

[1] За Европската Унија оваа ознака не прејудицира ставови за статусот, и е во согласност со Резолуцијата 1244/1999 на Советот за безбедност на ООН и Мислењето на МСП за прогласувањето на независност на Косово. За УНДП сите упатувања на Косово се сфаќаат во контекст на Резолуцијата на ООН 1244 /1999.

2. **Туризам**

2.1 Развој и промоција на туристичките потенцијали на територија на општина Кочани;

2.2 Развој на рурален и алтернативен туризам преку искористување и промоција на културно-историско наследство, природните убавини и реткости за креирање на богата и разновидна туристичка понуда во општина Кочани.

3. **Социјална инклузија**

3.1 Вклучување на децата во образовниот процес, младите лица и лица со посебни потреби во спортско-општествената сфера на животот, со цел зајакнување на спортскиот дух како значаен аспект во развојот на здрав начин на живот;

3.2 Подобрување на квалитетот на живот на лицата со потешкотии во развојот;

3.3 Поддршка на проекти за зголемување на вештини со цел зголемена вработливост на лицата со попреченост.

4. **Младински иницијативи**

4.1 Поддршка на проекти и активности за подобрување на вештините и способностите на младите невработени лица за нивно вработување и самовработување во зависност од потребите на пазарот;

4.2 Поддршка на проекти и активности за поголема вклученост на младите во општината преку младинскиот активизам и волонтеризам, нивна социјализација и вклученост во проекти од културата;

4.3 Поттикнување на здрав живот и здрави навики кај младите преку спортски активности;

4.4 Превенција од насилство во семејството, врсничко насилство (булинг) заштита на физичкото и менталното здравје.

**<u>Расположливи средства (грантови) за проекти</u>**

Висината на грантовите за овој јавен повик се движи во следните граници:

- Минимален износ: 307.000,00 МКД
- Максимален износ: 1.845.000,00 МКД

Граѓанските организации можат да поднесат повеќе од еден предлог проект. Максималната вкупна сума која една граѓанска организација може да ја добие (од сите добиени грантови на територијата на општина Охрид или во другите партнерски општини) до крајот на ReLOaD2 проектот (декември 2024) е 3.690.000,00 МКД.

Грантовите доделени во рамките на јавниот повик може да се користат за финансирање на административни трошоци и трошоци за вработениот кадар и тоа во износ до максимум 30% од побараните средства. Останатите 70% од средствата треба да се предвидат за програмските активности.

Општината и УНДП го задржуваат правото да не ги доделат расположливите средства доколку предложените проекти не ги исполнуваат зададените критериуми.

**<u>Општи информации за повикот</u>**

Задолжителни документи кои треба да бидат содржани во проектната документација се:

- Предлог проект (во Word формат - Анекс 1),
- Преглед на буџет (во Excel формат - Анекс 2),
- Матрица за логичка рамка (во Word формат – Анекс 3),
- План на активности и видливост/промоција (во Excel формат – Анекс 4),
- Копија од важечка потврда/решение за регистрација на организацијата во земјата (за носителот на проектот/подносителот и евентуални партнери).

Дополнителните документи се особено важен дел од проектната документација и треба да бидат поднесени во целост за да може да се оценува предлог проектот. Тука спаѓаат:

- Копија од статутот на организацијата (подносителот и партнерите),
- Пополнет формулар за административни податоци за подносителот (Word формат – Анекс 5),
- Пополнет формулар за финансиски податоци за подносителот (Excel формат – Анекс 6),
- Пополнета и потпишана изјава за подобност (Word формат – Анекс 7),
- Изјава за двојно финансирање (Word формат – Анекс 8),
- Пополнета листа за проверка (Word формат – Анекс 9),
- Копија од завршниот годишен финансиски извештај за претходната година/завршна сметка (биланс на успех и биланс на состојба) заверен од надлежна институција за финансиско работење и овластен сметководител, освен доколку организацијата е основана во тековната година,
- Копија од годишниот наративен извештај на организацијата за претходната година, освен доколку организацијата е основана во тековната година.

## 3. <u>Кој може да аплицира?</u>

Јавниот повик е отворен за сите граѓански организации кои се формално регистрирани во Северна Македонија согласно со важечката законска регулатива, со тоа што граѓанските организации од другите општини од земјата можат да учествуваат само доколку аплицираат во партнерство со граѓанска/и организација/и регистрирани на територијата на општина Охрид, во кој случај водечка организација ќе биде организацијата регистрирана на територијата на општина Охрид.

За да се пријават, подносителите треба:

- да бидат регистриран правен непрофитен субјект во Северна Македонија согласно со важечката законска регулатива (Закон за здруженија и фондации).

Овој јавен повик не се однесува на подружници/канцеларии на меѓународни здруженија и фондации и други меѓународни непрофитни организации кои се регистрирани за работа во Северна Македонија.

Подносителите или предлог проектите **<u>ќе бидат дисквалификувани или исклучени од распределбата на грантови во случај кога</u>**:

- не ги содржат сите задолжителни документи наведени во точка 3;
- вредноста на предложениот буџет е помала од минималниот износ од 307.000,00 МКД или поголема од максималниот износ од 1.845.000,00 МКД;
- предложеното времетраење на проектот е пократко од 6 месеци или подолго од 12 месеци;
- има прекин во проектните активности од еден месец и повеќе;

- не е поднесена потпишана Изјава за подобност (Анекс 7) заедно со предлог проектот;
- водечката организација во партнерството не е регистрирана на територијата на општина Кочани;
- содржат лажни информации, или доколку не ги содржат бараните информации;
- направиле обид да обезбедат доверливи информации или да вршат влијание врз Комисијата за оценка во текот на процесот на оценување на предлог проектите;
- се предмет на конфликт на интереси - членови на граѓански организации кои се постојано или времено вработени во општината или други јавни институции не можат да бидат вклучени во предлог проектите како дел од проектниот тим или на други позиции (консултанти, едукатори, обучувачи итн) освен на волонтерска основа.

## 4. <u>Партнерства и подобност за партнерство</u>

Подносителите може да поднесуваат апликации поединечно или во партнерство со други организации и/или институции.

***Партнерски организации и/или институции***

Партнери на проектот може да бидат други граѓански организации од општината или земјата, сѐ додека водечката организација е регистрирана на територијата на општина Охрид (подетално објаснето во точка 3). Треба да се поднесе **Изјава за партнерство** (или Меморандум за соработка) заедно со апликацијата која мора да биде точно пополнета. Партнерите на подносителите може да земат учество во подготовката и имплементацијата на проектот, а трошоците кои ќе ги направат ќе подлежат на истите правила како трошоците направени од страна на подносителите, што значи дека партнерските организации мора да ги исполнуваат истите критериуми за подобност како и подносителите. Кога апликацијата се поднесува во партнерство, подносителот ќе биде водечка организација и доколку биде избрана, како договорна страна (Корисник) ќе ја преземе целосната законска и финансиска одговорност за завршување на проектот.

***Соработници***

Во проектот може да бидат вклучени и други организации и/или институции (на пр: училишта, детски градинки, музеи, итн.). Таквите организации – соработници мора да имаат своја конкретна улога во имплементацијата на активностите, но не може да бидат приматели на грант.

## 5. <u>Времетраење</u>

Проектите може да бидат со времетраење од 6 до 10 месеци, и мора да се спроведат во периодот од ноември 2023 до крајот на август 2024 година.

## 6. <u>Локација</u>

Проектите мора да се спроведуваат исклучиво на територијата на општина Охрид.

## 7. <u>Тип на проекти</u>

За да се финансираат проектите, истите мора да бидат подготвени согласно со јавниот повик и општинските приоритети кои се зададени. Со предлог проектите мора да се исполнуваат потребите кои се наведени во рамките на јавниот повик.

Проектите мора да дадат решение за конкретни потреби на локалната заедница и целните групи кои се идентификувани со проектот.

**Проектите треба да претставуваат интегрирана методолошка група на активности кои се подготвени со цел да се постигнат одредени цели и конкретни резултати во рамки на определен временски период.**

Редовните активности на подносителот или на проектниот партнер не може да се сметаат за подобни за овој повик. Ова се однесува на активностите што граѓанската организација ги спроведува на редовна основа секоја година. На пример: доколку граѓанската организација управува дневен центар, тогаш поддршката за дневниот центар се смета за редовна активност. Меѓутоа, доколку граѓанската организација предложи различни или нови активности со постојните корисници на дневниот центар, тогаш тоа не се смета за редовна активност и може да се поддржи за финансирање.

***За распределба на грантови не се препорачуваат следните активности:***

- поединечни спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;
- поединечни стипендии за студии или курсеви за обука;
- повремени конференции (освен доколку тоа е неопходно за успешна имплементација на проектот);
- не се препорачува набавка на опрема и/или работи за реконструкција или рехабилитација (освен доколку е неопходно за успешна имплементација на проектот до максимум 30% од вкупниот буџет на проектот);
- финансирање на проекти кои се веќе во тек или се завршени;
- финансирање на активности кои веќе се спроведуваат од други организации или проекти;
- финансирање на активности кои се во надлежност на општината или други јавни институции;
- проекти кои се исклучива придобивка на поединци;
- проекти со кои се поддржуваат политички партии;
- инфраструктурни проекти;
- распределба на грант на трета страна.

Постоењето на ваков тип на активности не е причина за автоматско одбивање на проектниот предлог, но негативно ќе влијае на оценувањето за време на евалуацијата. Понатаму, доколку проектниот предлог се одобри за финансирање, **таквите активности и средствата предвидени за тие активности ќе бидат отстранети.**

**Дополнително да се внимава на:**

- трошоците за видливост на проектот да не се повисоки од 5% од вкупниот буџет на проектот;
- трошоците за човечки ресурси, патувања и административни трошоци, заедно да не надминат 30% од вкупниот буџет на проектот.

## 8. Број на предлог проекти и грантови по подносител

Секоја граѓанска организација може да поднесе повеќе предлог проекти во општина Охрид, при што секој предлог проект се поднесува како посебен пакет што треба да ги содржи сите потребни документи. Исто така, граѓанските организации може да аплицираат и во другите партнерски општини на ReLOaD2 проектот (Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Куманово и Охрид) доколку истите се во согласност со приоритетите на дадената општина и се во согласност со насоките дадени во точка 5 од јавниот повик.

Максималната вкупна сума која една граѓанска организација може да ја добие (од сите добиени грантови на територијата на општина Кочани или во другите партнерски општини) до крајот на ReLOaD2 проектот (декември 2024) не смее да надмине 3.690.000,00 МКД. Ако една граѓанска организација истовремено добие повеќе од еден проект, ќе биде направено дополнително оценување на финансиските и оперативните капацитети од страна на комисијата за евалуација на предлог проектите.

## 9. Каде и како да се обезбеди и поднесе материјалот за апликацијата

**Јавниот повик ќе трае од 16.06.2023 (од 9:00 часот) до 14.07.2023 (до 15:00 часот)**. Документацијата за јавниот повик за општина Кочани може да се обезбеди со испраќање на барање со името на заинтересираната организација на следната е-мејл адреса: mladi.nevladini@ohrid.gov.mk или лично на следната адреса:

Општина Охрид
ул. „Димитар Влахов" бр.57
Поштенски број: 6000 Охрид

Релевантните информации, како и електронската верзија на целиот пакет за апликацијата може да се преземат од: www.ohrid.gov.mk

Пополнетите апликации со целосната задолжителна документација мора да се поднесат во **три (3) целосни и идентични печатени копии и една електронска копија (само на USB) кое треба да ги содржи само: предлог проект, буџет, логичка рамка и план на активности,** по препорачана пошта или лично, во запечатен плик на кој е назначено дека е за јавниот повик, во работни денови (понеделник до петок), помеѓу 09:00 и 15:00 часот, на следната адреса:

Општина Охрид
ул. „Димитар Влахов" бр.57
Поштенски број: 600о, Охрид

Апликациите кои ќе пристигнат по зададениот рок ќе бидат разгледани само доколку на поштенскиот печат стои датум на испраќање кој е пред официјалниот краен рок. Апликациите кои ќе бидат испратени на друг начин (на пр: по факс или е-мејл) или кои ќе бидат испорачани на друга адреса **нема да бидат земени предвид**.

На надворешната страна на пликото мора да стои називот на јавниот повик за предлог проекти, целосното име и адреса на подносителот, целосното име на проектот и следните зборови: „**Да не се отвора пред официјалното отворање".**

Општината ќе води евиденција за сите примени предлог проекти и ќе издаде релевантна потврда за прием.

Пред да се поднесе предлог проектот, подносителите треба да потврдат дали бараната документација/апликација е целосна преку пополнување на Листата за проверка (Анекс 9), која е составен дел на апликацијата.

## 10. Други важни информации

За времетраењето на јавниот повик ќе се одржи **инфо сесија и обука за невладините организации кои ќе учествуваат на јавниот повик. Обуката ќе се одржи на 21 јуни во мала Сала на Општина Охрид, со почеток во 11 часот. Во текот на самата обука ќе бидат договорени и термините за менторство кои ќе бидат објавени и на општинската веб страна.**

*Доколку се потребни дополнителни информации и појаснувања, потенцијалните кандидати може да испратат барање со назнака за Јавниот повик за подносители на предлог проекти на следната е-мејл адреса: registry.mk@undp.org. Барањата може да се испраќаат до 11.07.2022 а одговорите на барањата ќе се испратат во писмена форма во рок од 3 дена од приемот на барањето. За поголема транспарентност, сите прашања и одговори ќе бидат објавени и на интернет страницата на УНДП, на следниот линк. Во прилог на проектната документација е и документ со преглед на најчестите недоследности што беа идентификувани во првата фаза од проектот.*

## 11. Оценување и селекција на предлог проекти

Апликациите ќе ги разгледува и оценува Комисија за оценување која е составена од претставници од општината и претставници од УНДП. На евалуацијата ќе има и претставник од граѓанска организација во улога на набљудувач кој ќе биде избран на јавен повик објавен од општина Кочани.
**Забелешка**: претставникот од граѓанската организација, кој ќе присуствува на евалуацијата во улога на набљудувач не смее да поднесе предлог проект (ниту самостојно ниту во партнерство).

Предлог проектите кои ќе поминат на евалуацијата, ги разгледува и одобрува за финансирање Одборот на партнери на ReLOaD2, составен од претставници на Делегацијата на ЕУ во Северна Македонија, УНДП, Министерството за локална самоуправа, ЗЕЛС и претставник од Советодавната група на проектот. Одлуката на Одборот на партнери на ReLOaD2 е конечна и по истата не може да се поднесуваат жалби.

При евалуација на апликациите ќе се оценува:

- дали апликацијата е целосна и пополнета согласно со Листата за проверка;
- дали документацијата е поднесена во 3 целосни и идентични печатени копии и 1 електронска копија (CD или USB).
- дали има потврда дека подносителот, партнерот (и соработниците, ако ги има) и активностите ги исполнуваат условите кои се дадени во поглавјата 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10.
- квалитетот на проектот и предложениот буџет согласно со критериумите дадени во Табелата за оценување која е составен дел на овој документ.

Квалитетот на проектот и предложениот буџет ќе се оценуваат на два начина:

- **Прв праг**: оценка на финансиските и оперативните капацитети на подносителите за да се потврди дека:
    - располагаат со доволно средства за финансирање на редовните активности во текот на целиот период на имплементација на проектот;
    - подносителите, особено предложениот тим поседува професионална способност и квалификации кои се неопходни за успешна имплементација на проектот. Истото важи и за партнерите на подносителот.
- **Втор праг**: оценка на квалитетот на поднесените проекти врз основа на:
    - релевантноста на предлог проектот;
    - усогласеноста на проектот со целта на јавниот повик и приоритетните области;
    - квалитетот на проектот, очекуваните резултати и одржливоста на проектните активности;

- исплатливоста на средствата - средствата кои се бараат се за активности со кои се добива максимална општа корист од нивната имплементација.

Ве молиме да обрнете посебно внимание на следниве важни информации:

***Систем на бодување:***

Критериумите за бодување се поделени на делови и под-делови. ***<u>За секој под-дел се доделуваат бодови од 1 до 5 на следниот начин: 1 = многу лошо; 2 = лошо; 3 = соодветно; 4 = добро; 5 = многу добро. 0 бодови не се доделуваат.</u>*** Секој член на комисијата пополнува поединечна табела за оценување. Табелата со збирната оценка за секој од предлог проектите се потпишува од сите членови. Рангирањето на предлог проектите се врши на начин на кој прво-рангираниот предлог проект е оној кој има добиено најголем број бодови, потоа следува предлог проектот со понискиот број на бодови, па сè до предлог проектот со најмал број на доделени бодови.

За да бидат земени предвид за финансирање, проектите со буџет од 307.000,00 – 615.000,00 МКД мора да освојат минимум 50 или повеќе бодови, а проектите над 615.000,00 МКД мора да имаат добиено минимум 75 или повеќе бодови во текот на оценувањето. Одлуката за одобрување на грантот се заснова на вкупниот број на проекти кои може да се финансираат од расположливите средства. Проектите кои добиле најголем број на бодови ќе имаат приоритет при распределбата на грантови.

**Белешка за Дел 1. Финансиски и оперативен капацитет на подносителот на предлог проект**

Доколку вкупниот број на бодови за Дел 1 е помал од 10 бода, проектот ќе биде исклучен од натамошниот процес на оценување, бидејќи организацијата нема минимални капацитети за квалитетна имплементација на предложениот проект.

**Белешка за Дел 2. Релевантност**

Доколку вкупниот број на бодови за Дел 2 е помал од 18 бода, проектот нема да биде понатаму разгледуван бидејќи таквата оценка укажува дека иако подносителот располага со финансиски и оперативни капацитети, идејата за проектот не е релевантна или во согласност со дефинираните приоритети на јавниот повик, односно со проектот не се опфатени потребите на локалната заедница.

**Табела за оценување**

| **Дел** | **Максимален број на бодови** | **Просечен број на бодови** |
|---|---|---|
| **1. Финансиски и оперативен капацитет** | **15** | |
| 1.1 Дали подносителот и партнерите имаат **доволно искуство во раководење со проекти**?<br>- Дали се дадени кратките биографии и описите на работните места во прилог? | 5 | |
| 1.2 Дали подносителот и партнерите имаат доволно професионални капацитети? (*конкретно знаење во релевантната област*) | 5 | |
| 1.3. Дали подносителот и партнерите имаат **доволно капацитети за менаџмент**? (*вклучувајќи кадар, опрема и капацитети за финансиски менаџмент*) | 5 | |
| **2. Релевантност** | **25** | |
| 2.1. Колку е релевантен проектот во споредба со **целта** и **еден или повеќе од приоритетите** кои се дефинирани со јавниот повик?<br>Белешка: 5 бода (многу добро) може да се доделат само доколку проектот се однесува на **најмалку еден од приоритетите**. | 5 | |
| 2.2 Дали постои јасно дефинирање и стратешки избор на чинителите? (*крајни корисници, **целни групи***) | 5 | |
| 2.3 Дали **потребите на целната група и крајните корисници** се јасно дефинирани и дали истите се правилно опфатени со проектот? | 5 | |
| 2.4 Дали проектот содржи **додадена вредност** како иновативен пристап и модели на добри практики? | 5 | |
| 2.5 Дали предлог проектот се застапува за **пристап базиран на правата** и дали има позитивно влијание врз ранливите групи? (*промовирање на родовата еднаквост и јакнење на жените, заштита на животната средина, меѓународна соработка, млади, итн.*) | 5 | |
| **3. Методологија** | **20** | |
| 3.1 Дали **планот на активности** и предложените **активности** на логичен и практичен начин кореспондираат со целите и очекуваните резултати? | 5 | |
| 3.2 Дали постои конзистентност во целосната подготовка на проектот? (*особено, дали се одразува анализата на идентификуваните проблеми, можни надворешни фактори*) | 5 | |
| 3.3 Дали е задоволително **нивото на вклученост на партнерите**?<br>Белешка: доколку нема партнери, се добива **1 бод.** | 5 | |
| 3.4 Дали во проектот има вклучени **објективни и мерливи индикатори**? | 5 | |
| **4. Одржливост** | **25** | |
| 4.1 Дали со предложените активности во проектот се врши **конкретно влијание** на целните групи? | 5 | |
| 4.2 Дали со проектот ќе се извршат **повеќекратни ефекти**? *(вклучувајќи можност истиот проект да се примени на други целни групи или да се спроведе и на други локации и/или да се прошират ефектите од активностите или размената на информации или искуства кои се стекнати во текот на имплементацијата на* | 5 | |

| | | |
|---|---|---|
| *проектот)* | | |
| 4.3 Дали очекуваните резултати од предложените активности се **институционално одржливи**? *(Дали структурите кои ги овозможуваат проектните активности ќе постојат и по завршувањето на проектот? Дали ќе постои локално „сопственишто“ врз резултатите од проектот?)* | 5 | |
| 4.4 **Дали се одржливи очекуваните резултати?** (*доколку е применливо, наведете го структурното влијание на спроведените активности – подобрување на законската рамка, методи, кодекс на однесување, итн.)* | 5 | |
| 4.5 Дали е веројатно дека очекуваните долгорочни резултати ќе извршат влијание на локалните економски услови и/или квалитетот на живот во опфатените области? | 5 | |
| **5. Буџет и исплатливост** | **15** | |
| 5.1 Дали постои задоволителен сооднос помеѓу проценетите трошоци и очекуваните резултати? | 5 | |
| 5.2 Дали предложените трошоци се **неопходни** за имплементација на проектот? | 5 | |
| 5.3 Буџет<br>- Дали е јасен буџетот и дали содржи и наративен дел? (и појаснување за техничката опрема)<br>- Дали го исполнува принципот дека административните трошоци и трошоците за вработените не можат да бидат над 30% од вкупниот буџет?<br>- Дали буџетот е родово-сензитивен? | 5 | |
| **Максимален вкупен збир на бодови** | **100** | |

**<u>Известување за одлуката</u>**

Сите подносители кои имаат поднесено предлози, независно дали истите се прифатени или одбиени, ќе бидат известени во писмена форма за одлуката за предлог проектот во рок од 30 дена од затворањето на јавниот повик. Резултатите ќе бидат објавени на веб страницата на општината и на општинската огласна табла.

Одлука за одбивање на предлог проект или за недоделување на средства ќе биде донесена доколку:

- подносителот, или еден или повеќе партнери, не ги исполнуваат условите на јавниот повик;
- проектните активности се неприфатливи (на пр: предложените активности се вон опфатот на јавниот повик за предлог проекти, предвиденото времетраење на проектот го надминува максимално дозволениот временски период, побараниот износ на средства го надминува максимално дозволениот износ или е понизок од минималниот износ, итн.);
- предлог проектот е недоволно релевантен; финансиските и оперативните капацитети на подносителот се недоволни или проектите избрани за финансирање се со подобар квалитет во тие области;
- квалитетот на предлог проектот е технички и финансиски послаб во споредба со проектите избрани за финансирање.

**<u>Услови кои се однесуваат на имплементација на проектот по одобрување на грант</u>**

Откако ќе биде донесена одлука за доделување грант, на граѓанската организација чиј проект е одобрен ќе ѝ биде доделен договор за имплементација на проектот. Пред да се потпише договорот, и доколку е потребно, може да биде побарано од организацијата да бидат направени одредени модификации на проектот за да може да се усогласи со правилата и процедурите за имплементација на проектот.

## ЛИСТА НА АНЕКСИ

**Анекс 1** Предог проект

**Анекс 2** Преглед на буџетот и план за трошоци

**Анекс 3** Логичка рамка

**Анекс 4** План на активности и видливост

**Анекс 5** Формулар со административни податоци за подносителот

**Анекс 6** Формулар со финансиски податоци за подносителот

**Анекс 7** Изјава за подобност

**Анекс 8** Изјава за двојно финансирање

**Анекс 9** Листа за проверка

**Анекс 10** Насоки

**Анекс 11** Цели на одржлив развој

**Анекс 12** Најчести грешки од претходни јавни повици